# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА


| 1-ви март 2021 година, Гевгелија | Број 2 | Година XXXX |
|---|---|---|



Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.g

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 год.), а во врска со член 7 став (3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2021 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**За финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2021 година**

## 1. Вовед

Со Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2021 година, се утврдуваат нејзините цели и активности и висината на средствата за нивно финансирање.

Програмата ги дефинира целите на култураната политика на Општина Гевгелија кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно, тие да се во функција на културниот развој на општината во 2021 година.

Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата, Градоначалникот на Општина Гевгелија распиша Конкурс за финансирање на програми и проекти во областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2021 година.

Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

## 2. Цели

Основна цел на Програмата е, покрај дејноста на општинските културни установи, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:

- да обезбедуваат богат, квалитетен и разновиден културен живот на ниво на општината;
- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство;
- поттикнување и афирмирање на културните разноликости на припадниците на етничките зедници;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 35 години),

- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература (книга/стрип албум/графичка новела);
- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и литературата книга/стрип албум/графичка новела;
- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;
- организирање на меѓународни фестивали што се одржуваат во Општина Гевгелија;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати;
- изведба на едукативни работилници за деца и млади, за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, лицата со посебни потреби, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите и лицата со посебни потреби;

- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори.

**3. Финансирање**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.

| р. бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Одобрени средства од Буџетот на Општина Гевгелија |
|---|---|---|---|
| 1. | КУД „Танец“- Миравци | 1. Манифестација „Ѓура Мара 2021“<br>2. Учество на Меѓународен фестивал „Черноморски вечери 2021“ Бугарија<br>3.Набавка на тапан<br>4. Програмски активности и учества на фестивали и манифестации во 2021 (Радовиш, Тетово, Секирник, Струга, Кривогаштани, Иљево, Битола, Св. Николе, Јабланица, Инџија) | 100.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Глигор Гелебешев | 1. Меѓународен натпревар за млади пијанисти Гевгелија 2021 година | 30.000,00 |
| 3. | ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија | 1. „Метрички карван 8 Гевгелија- Охрид“ | 80.000,00 |
| 4. | ЗЛУКТ „Арт Еквилибриум“- Гевгелија | 1. БОШ 13 Фестивал | 70.000,00 |
| 5. | ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија | 1. Театарска претстава за возрасни „Умри машки“ с. пр.<br>2. Театарска претстава за возрасни „Ожалостена фамилија“ с. пр.<br>3. Театарска претстава за деца „Мачорот во чизми“ с. пр.<br>4. Театарска претстава за деца „Годишни времиња“ с. пр.<br>5. Меѓународен фестивал на комедијата (гостувања на професионални театри од земјата и странство<br>6. Поетско-музичка манифестација „За тебе љубов моја“<br>7. Одбележување на Светската недела на детето манифестација „Мојот шарен детски свет“<br>8. Чествување на Св. Спас „Распеана чаршија“<br>9. Гевгелиско културно лето<br>10. Изработка на народни носии од рециклирачки материјал<br>11. Ликовна колона на регионални уметници | 150.000,00 |
| 6. | Никола Минчевски- ЗГ за етно предмети и музејски материјал „Миравчка свадба Ѓуро Мара- Гевгелија.“ | 1. Собирање етно- предмети, народни носии<br>1а. Исплата или награда за добиените етно-предмети, народни носии<br>2. Заштита на етно-предмети, народни носии, чистење, стружење, шмирглање, конзервирање<br>3. Опремување на просторијата на Здружението со стакларнии, витрини, рафтови, телевизор, таблет, фотоапарат<br>4. Промоција на Здружението за етно предмети на ТВ медиуми, списанија<br>5. Оранизирање изложби на културно наследство<br>6. Презентација, едукативна програма за ученици од основни и средни училишта<br>7. Учество во програма на општина | 20.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Гевгелија во одбележување на значајни датуми од нашата историја | |
| 7. | Стефан Марковски | 1. Лектура на преводот на англиски јазик на романот „Анатомија на бумбарот“ од С. Марковски | 20.000,00 |
| 8. | КУД „Негорци“- Негорци | 1. Работа на КУД „Негорци“ во текот на 2021 година<br>2. Прием на група од Трстеник- Србија<br>3. Организирање на Регионални фолкорни смотри<br>4. Гостување во Босна | 100.000,00 |
| 9. | Ансамбал „Бојмија“- Гевгелија | 1. Сценска адаптација на ора и песни- Мегленски Власи од Ума и Конско<br>2. Работилница: Изучување на народните инструменти кавал, тамбура и тапан- поблиску до младите<br>3. Концерт „Сите сме исти“- учесници, деца со посебни потреби<br>4. Учество на Меѓународен фестивал во Хрватска и Босна и Херцеговина<br>5. Тренинг и обука на членовите и закуп на простор | 100.000,00 |
| 10. | ЗКУД „Браќа Толеви“- Прдејци | 1. „Заедно можеме повеќе!“- Заеднички концерт со деца со посебни потреби.<br>2. Одбележување на 10-годишна успешна соработка со КУД „Грозд“- Александровац<br>3. Фолкорна манифестација „Мајски дружења“ | 100.000,00 |
| 11. | Васко Шутаров | 1. Објавување и промоција на книга „Со зрно сол и парче локум“ (Карантински колумни) | 20.000,00 |
| 12. | КУД „Распеани гевгеличани“ | 1. Учество на Фестивал на староградски песни во: Кочани, Валандово, Струмица, Велес<br>2. Учество на Фестивал на староградски песни „Илинденски денови- Битола“<br>3. Учество на Староградски средби во Радовиш<br>4. Настап на „Дојрански ракувања- Дојран“<br>5. Учество на фестивал „Охридски староградски средби- Охрид“ | 40.000,00 |
| 13. | Здружение на слепи лица | 1. „Вешта жена“ | 10.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Пионерски дом-Гевгелија<br>Ликовна работилница-М.К. Массетти | 1. Самостојна изложба на Елена Галика<br>2. Самостојна изложба на Дејан Иванов<br>3. Самостојна изложба на Александар Јанев<br>4. Самостојна изложба на Димитар Новаков<br>5. Групна изложба „Приказни-прекривки“<br>6. Работилница за фотографија | 30.000,00 |
| 15. | Пионерски дом-Гевгелија | 1. Аранжирање цвеќе<br>2. Априлијада- Ден на шегата<br>3. Велигденски концерт<br>4. Гевгелија денс<br>5. Фолклорен ѓердан<br>6. Дедо Мраз пак кај нас<br>7. Меѓународен фолклорен, ревијален фестивал<br>8. Основање детски хор- Божилак | 150.000,00 |
| 16. | Здружение „Мултимедиа центар“-Гевгелија | 1. Мултимедијална изложба | 10.000,00 |
| 17. | Вангел Срнаков | 1. Групна изложба на слики „Plastic“-Гевгелија; Севлиево | 10.000,00 |
| 18. | Стојан Бучков | 1. Аудио-продукција и снимање на новосоздадени авторски композици | 10.000,00 |
| 19. | НВО Здружение „Внимание“ | 1. Музички фестивал „Европорта Фест“ 2021 година | 70.000,00 |
| 20. | Тони Аврамов, Гевгелија | 1. Драмски текст за деца „Чудесната земја Кајкај“<br>2. Драмски текст за деца „Џек и изгубената ракавица“ | 20.000,00 |
| 21. | ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија | 1. Едукативна музичка работилница за флејта и пијано<br>2. Концерт на камерна музика ТРИО (флејта, хорна и пијано) | 40.000,00 |
| 22. | Владо Куциров | 1. Општински културен медиум | 10.000,00 |
| 23. | Константин Карев | 1. Промоција на сите авторски дела на Карев: *Не молчи, Мојот свет, Пет-шест шамари, ама јаки, Konstant in* | 5.000,00 |
| 24. | Којот Кој ДООЕЛ | 1. Поетски слем на Вардарски Рид<br>2. Издавање и промоција на книга *Никад није касно- на путу ка стотој-* Добрила Ивановиќ Чабриќ | 10.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25. | Дејан Малзарков, Гевгелија | 1. Снимање на хумористични видео-клипови и изведување на театарски претстави | 20.000,00 |
| 26. | Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, Гевгелија | 1. Организирање и координирање на работилница- изработка на традиционални јадења на модерен начин од страна на студентите на ФТБЛ; Ангажирање на комисија за оценување; Обезбедување намирници<br>2. Организирање и координирање на втора работилница- изработка на бизнис идеја за развој на културниот туризам или друг вид туризам од -II-<br>3. Организирање и координирање на трета работилница- фотографирање на стари традиционални јадења и стари предмети -II-<br>4. Активности за организирање на поставка на традиционални носии од регионот на Македонија<br>5. Обезбедување на озвучување | 30.000,00 |
| 27. | ЗГ „Од станица до граница“ | 1. АРТ ДИДАКТИКА- изработка на аудиовизуелни материјали за потребите на наставниот процес | 20.000,00 |
| 28. | Градски мешан хор „Гортинија“ | 1. 25 години „Гортинија“, јубилеен едукативен концерт<br>2. Премиерна изведба на Џез миса | 100.000,00 |
| 29. | ЗМБП „Леге Артист“ | 1. Регионални хорски смотри „Тома Прошев“<br>2. Концерти на класична музика во Гевгелија | 20.000,00 |
| 30. | ЗГ „Чејнџмејкерс“ | 1. Хуманитарен концерт „И ние постоиме“ | 10.000,00 |
| 31. | Мери Олумчева | 1. Издавање збирка поезија и други творби за деца „Вака-така“<br>2. Издавање стихозбирка со интимна и љубовна поезија „За мојата Елена“- Јанко Делев, Мери Олумчева | 10.000,00 |
| 32. | Музички моменти | 1. Организација на концерти и промовирање на млади музички таленти- Гевгелија: | 10.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2. Традиционални концерти, соло пеачи:<br>3. Женски хор „Св. Злата Мегленска“, дир. Летка Полизоева | |
| 33. | Друштво за генетски истражувања „Генем“ ДООЕЛ Гевгелија | 1. Организирање свечен настан за презентација на генетската историја на Гевгелија | 10.000,00 |
| 34. | ЗГ „Тера“ | 1. „Смоквијада 2021“ | 150.000,00 |
| 35. | „Минимал арт клуб“- Миравци, Гевгелија | 1. Тридневен фестивал „Ѕуница“ | 30.000,00 |
| 36. | Ристо Стамков | 1. Издавање книга „Монографски прикази на селата Давидово и Милетково“ | 10.000,00 |
| 37. | Костадин Динев | 1. „Одиме за Гевгелија“- оригинална, авторска композиција, посветена на Гевгелија.<br>2. Две инструментални авторски композии на Костадин Динев со професионален аудио и видео-запис. | 10.000,00 |
| 38. | Златко Трајков<br>Андон Мандиќ | 1. Дијабетес мелитус како јавно-здравствен проблем во општина Гевгелија | 20.000,00 |
| 39. | Одбележување на Спасовден<br>Одбележување на 7 Ноември | | 500.000 |
| | Други активности | | 345.000 |
| | **вкупно** | | **2.500.000,00** |

За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2021 година и се од општ интерес за општината, Советот на Општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

**5. Завршни одредби**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма треба да поднесат извештај до Советот на Општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на Општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-398/1
26.02.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт („Службен весник на РМ“ бр. 29/02, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 год.) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр. 25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 26.02.2021 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## За финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2021 година

Со оваа Програма се планираат активности на општина Гевгелија во областа на спортот и средствата за финансирање на истите од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.

### 1. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма е обезбедување услови и преземање системски мерки за поддршка на спортот, односно: спортисти, спортски клубови, спортски сојузи и (традиционални) спортски маниферстации, финансиски ќе поддржува организирање на активности за развој и унапредување на:

- традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер;
- програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе доставаат програми и проекти за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес за општина Гевгелија;
- програмите, проектите и активностите на спортисти-аматери, учениците во основните и средното училиште на подрачјето на општина Гевгелија;
- спортско рекреативните активности на лица со посебни потреби.

### 2. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирање на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.

### 3. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| р. бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Одобрени средства од Општинскиот буџет |
|---|---|---|---|
| 1. | ЗГ „Аталанта“- Гевгелија | 1. Тековни трошоци за гимнастика<br>2. Учество на државно натпреварување за гимнастика | 10.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | МК „Ретки птици“- Гевгелија | 1. Ендуро Рели Кожуф 2021<br>2. Мото собир<br>3. Фим Рели Италија, Фолигно<br>4. Независност на РМ, 2021<br>5. Гимкана во чест на починати членови на МК „Ретки птици“- Гевгелија | 30.000,00 |
| 3. | ЗПСК „Кожуф“- Гевгелија | Планинарски тури во државата и странство | 100.000,00 |
| 4. | КК „Кожув“- Гевгелија | 1. Сениори- Кошаркарско првенство<br>2. Сениори- Куп на С. Македонија<br>3. Младинска лига М-18<br>4. Младинска лига М-16 | 3.450.000,00 |
| 5. | ФК „Кожуф“- Гевгелија | 1. ВМФЛ Исток<br>2. Пионерско-младинска школа<br>3. Трошкови за одржување и котизација | 2.550.000,00 |
| 6. | Тенис јуниор- Александар Грујиќ | 1. Учества на јуниорски првенства во тенис | 15.000,00 |
| 7. | ЗРСРК „АКВАСПОРТ ГЕВГЕЛИЈА“- Гевгелија | 1. Прва крапска дружба „Паљурци 2021“ Богданци<br>2. Крапска дружба „Рибар2011-2021“<br>3. Интернационален турнир „Robson Cup“ Полска<br>4. Интернационален турнир „Respect the sea“ Грција | 15.000,00 |
| 8. | ЗГМК „Ретки птици ГББ“- Гевгелија | 1. Отворање на сезоната 2021 година<br>2. Едукација на младите мотоциклисти за учество во сообраќајот<br>3. Учество на Меѓународен натпр. Италија 2021<br>4. Независност на РС Македонија 8 Септември | 10.000,00 |
| 9. | Општински сојуз на училишен спорт- Гевгелија | 1. Општ. натпрев. во футсал, фудб., кош., рак. (осн. и средни учил.)<br>2. Меѓуопшт. натпрев. во футсал, фудб., кош., рак. (осн. и средни учил.)<br>3. Зонски натпрев. во футсал, фудб., кош., рак. (осн. и средни учил.)<br>4. Регион. натпрев. во футсал, фудб., кош., рак. (осн. и средни учил.)<br>5. Државни натпрев. во футсал, фудб., кош., рак., атлет., тенис, пинг-понг (осн. и средни учил.)<br>6. Одбележување на општински | 20.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | празник- ноќна трка и турнир во кошарка (осн. и средни учил.) | |
| 10. | ЗГТК „Круна“- Гевгелија | 1. Тениски турнир „Круна Опен“<br>2. Годшна членарина во МТФ за 2021 година и учество на турнири по категории<br>3. Лица со посебни потреби и деца од предучилипна возраст „Ајде да играме тенис“<br>4. Тениска школа за почетници<br>5. Промоција на тениската игра во учил. | 30.000,00 |
| 11. | КМФ „Млади“- Миравци | 1. 32 Меморијален турнир во млад фудбак КМФ- Миравци | 70.000,00 |
| 12. | ЗГАК „7 НОЕМВРИ“- Гевгелија | 1. Натпреварување во домашни и меѓународни трки (котизација, опрема, превоз)<br>2. Организирање 7-мо Ноемвриска трка | 40.000,00 |
| 13. | Здружение на слепи лица | 1. Регионален шаховски турнир за слепи лица | 10.000,00 |
| 14. | РК „Партизан 2016 Спорт“- Гевгелија | 1. Натпреварувачка сезона во машка прва лига 2021 година<br>2. Натпреварувачка сезона во машка кадетска лига 2021 година<br>3. Летен ракометен камп- ДОЈРАН 2021 | 350.000,00 |
| 15. | ПКС „Двете уши“- Гевгелија | 1. Планинарска акција од републички карактер Смрдлива Вода- Исириова пресека- Натстрешница, Врв Сува Рупа- Врв Мала Рупа<br>2. Планинарска акција Михајлово- Врв Дудица- Караула Паренка- Врв Порта- Врв Зелен брег- Врв Мала Рупа- Смрдлива Вода | 70.000,00 |
| 16. | ФК „Богородица 2020“ | **1. Општинска фудбалска лига** | 30.000,00 |
| 17. | ЗГ „Митко Ќаев- Баче“- Богородица | 1. Меморијален турнир во мал фудбал „Мирче Костов“- Богородица 2021 | 20.000,00 |
| 18. | Слободанка Лозановска- Гевгелија на мапата на тенисот | 1. Годишна регистрација кон МТФ за 2020<br>2. Годишна регистрација кон ITF за 2020<br>3. Котизација за турнири кон МТФ за 2021<br>4. Котизација за турнири кон ITF за | 15.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2021<br>5. Патни расходи и сместување<br>6. Спортска опрема и реквизити<br>7. Приватни тренинзи во тениски клубови и академии во државата и надвор | |
| 19. | Тина Сламкова- Гевгелија сака и игра тенис | 1. Годишна регистрација кон ТФСМ за 2021<br>2. Годишна членарина кон ITF за 2021<br>3. Годишна членарина во ТК „Круна“- Гевгелија<br>4. Котизација за турнири кон ТФСМ ЗА 2021 (зимски календар)<br>5. Котизација за турнири кон ТФСМ ЗА 2021 (летен календар)<br>6. Котизација за турнири кон ITF за 2021<br>7. Патни расходи<br>8. Расходи за сместување<br>9. Спортска опрема и реквизити | 15.000,00 |
| 20. | Карате клуб „Армор“ | Натпреварувања на домашни и меѓународни натпревари (котизација, опрема, превоз) | 10,000,00 |
| 21. | „Мистик денс“- Гевгелија | 1. Тековни трошоци<br>2. Државен натпревар во модерни танци<br>3. Меѓународен танцов натпревар<br>4. Годишен концерт- Мистик денс 2021<br>5. Новогодишен флешмоб | 20.000,00 |
| 22. | ЖРК- Гевгелија | 1. Женска Супер Лига сез. 2020/21<br>2. Женска Кадетска Лига сез. 2020/21<br>3. Куп натпревари од Супер Лига | 350.000,00 |
| 23. | ФК „Вардар“- Прдејци | 1. Поттикнување на спортски активности кај децата и младите (обуки)<br>2. Натпревари во фудбал во Општинска лига (две полусезони)<br>3. Учество во турнири на мал фудбал<br>4. Спортска опрема<br>5. Обезбедување награди за натпреварувачите<br>6. Одржување спортски терен | 30.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24. | ЗГ ЖРК „Ветерани југ“- Гевгелија | 1. Тренинзи во спортска сала 1 термин неделно<br>2. Балканска лига на Ветерани<br>- Нова Градишка<br>- Копер Словенија<br>- Прилеп<br>Рума Србија | 20.000,00 |
| 25. | ЗГ „Чејнџмејкерс“- Гевгелија | 1. Гевгелија на точак- професионални/ аматерски трки со велосипед | 20.000,00 |
| 26. | ЗГ ФК „Партизан“- Моин | 1. Општинска лига<br>2. Пријателски натпревари во Гевгелија и други општини/ Гевгелија, Валандово, Дојран<br>3. Турнир во мал фудбал Моин | 30.000.00 |
| 27. | ЗГ Навивачки клуб „Фантоми“- Гевгелија | 1. Поддршка на градските клубови и вклучување на што повеќе млади лица во обласа на спортот и претставување на градот во најдобро светло<br>2. Прослава 31 година постоење на навивачката група „Фантоми Север“- Гевгелија | 30.000,00 |
| 28. | Тодор Анчев | 1. Учество на домашни трки<br>2. Учество на меѓународни трки | 20.000,00 |
| 29. | ДПТУ ФК „ЗОРБАС ПОБЕДА“ ДОО Мрзенци | 1. Натпреварување на ФК „Зорбас Победа“ во Општинска лига- Гевгелија | 30.000,00 |
| 30. | Училишен спортски клуб „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија | 1. Клуб „Ј. Јосифовски“- Гевгелија Фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг и атлетика<br>Државни натпревари и натпревари во лиги меѓу УСК<br>2. Училишни натпревари<br>Меѓукласни натпревари<br>3. Велосипедизам<br>4. Планинарење | 25.000,00 |
| 31. | Други активности | | 65.000,00 |
| | **Вкупно** | | **7.500.000,00** |

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа програма, а ќе се појават во текот на 2021 година и се од општ интерес за општината, Советот на Општината ќе изврши дополнување на истата.

Одржувањето и изградбата на спортски објекти е предвидено во Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2021 година.

**4. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ**

Освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Гевгелија спортските манифестации ќе ги поддржуваће и помага со:

- покровителство и
- доделување награди, признанија и пригодни подароци.

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма треба да поднесат извештај до Советот на Општина Гевгелија**.**

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-399/1
26.02.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44, а во врска со член 143 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 25.02.2021 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на Месните заедници во општина Гевгелија во 2021 година

### 1.Цели

Основна цел на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места. Одржувањето на културните и другите активности во населените места е од

посебно значење за животот и работата на граѓаните во средините каде што живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

## 2.Активности

Во 2021 година Општина Гевгелија ќе ги поддржи следниве активности на месните заедници, и тоа:

**(ПРИЛОГ :ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ)**

| Ред. Бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | одобрени средства за ПРОГРАМА 2021г. |
|---|---|---|---|
| **1** | **Месна заедница "Моин" - с.Моин** | **Моинска вечер; Празнување на 11-ти Октомври** | **30.000 ден.** |
| **2** | **Месна заедница "Габрово" - с.Габрово** | **Празнување на панаѓур во с.Габрово; Митровден** | **15.000 ден.** |
| **3** | **Месна заедница "Прдејци" - с.Прдејци** | **Коледарски хепенинг, Свети Трифун, панаѓурски дружења, 11-ти Октомври,Прдејчка вечер** | **30.000 ден.** |
| **4** | **Месна заедница "Богородица" - с.Богородица** | **Првомајски трки; панаѓурски смотри; новогодишен концерт, концерт на фолкорни групи** | **30.000 ден.** |
| **5** | **Месна заедница "Ново Конско" - с.Ново Конско** | **Празнување на панаѓур во с. Ново Конско, концерт на фолкорни групи, Празнување на Митровден** | **20.000 ден.** |
| **6** | **Месна заедница "Давидово" - с.Давидово** | **Прослава на Коледе и Василица; одбележување на празникот Св.Илија; прослава на "Мала Богородица"** | **20.000 ден.** |
| **7** | **Месна заедница "Серменин" - с.Серменин** | **Прослава на панаѓур на Илинден,прослава на Митровден,Серменинска вечер** | **20.000 ден.** |
| | **Други активности** | | **135.000 ден.** |
| | **ВКУПНО:** | | **300.000 ден.** |

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-400/1 Претседател
26.02.2021год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2021 година

**1.Цели**

Основни цели на оваа Програма за поддршка на активностите на НВО секторот во 20201 година се:

- создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи,

-давање поддршка на проекти со коишто ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани,

- афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

**2.Активности**

Во 2021 година општината ќе ги поддржи следните активности на НВО секторот, и тоа:

| Ред. Бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Одобрени средства од Буџетот на О.Гевгелија за 2021 г. |
|---|---|---|---|
| 1 | ЗГ „СПАС ЗА НАС“- Гевгелија | - Кожуф Планина –заштитено подрачје,<br>- Локални ѓубришта,<br>-Пошумување: "Засади иднина" | 10.000 ден. |
| 2 | ЗГ "Смоквица"- Гевгелија | -Курбан од црквата за св.Димитрија (три настани),<br>-Традиционална смоквичка вечер. | 10.000 ден. |
| 3 | Здружение на лица со телесен инвалидитет "МОБИЛНОСТ"- Гевгелија | -Набавка на справи за вежбање,<br>-Набавка на комбе за транспорт на лица со количка,<br>-Одбележување на 3-ти Декември.... | 10.000 ден. |
| 4 | Здружение за спорт и рекреација на инвалиди - Гевгелија | -Набавка на копје,<br>ѓуле и диск...,<br>-државно првенство во атлетика....,<br>-тренинг и натпревар во пинг-понг за инвалиди. | 10.000 ден. |
| 5 | Здружение на пензионери на општина Гевгелија | -Регионални и републички спортски игри,<br>-Манифестација: "Пензионерите пеат"... | 30.000 ден. |
| 6 | Здружение на слепи лица - Гевгелија | -дводневна екскурзија во Охрид | 10.000 ден. |
| 7 | Организација на жени – општина Гевгелија | -Заработи од купеното Дигитален маркетинг + мотиватор | 10.000 ден. |
| 8 | Национална алијанса за лица со посебни потреби- Гевгелија | -Индивидуални третмани – физиотерапија и кинезитерапија,<br>- Индивидуални третмани во соба за сензорна интеграција... | 50.000 ден. |
| 9 | Асоцијација за пулмонална хипертензија „АРКА ЗА СИТЕ“- Гевгелија | -Организација на хуманитарни акции за собирање на храна и хигиенски средства | 10.000 ден. |
| 10 | Асоцијација за пулмонална хипертензија "МОМЕНТ ПЛУС" | -Подобрување на негата и третманот во лекувањето на ПХ,<br>-Кампања за подигање на јавната и институционалната свест за постоењето на ПХ | 10.000 ден. |
| 11 | Здружение на глуви и наглуви лица- Гевгелија | - Организација на културна и спортска активност за 8-ми март,<br>-Барање средства за компјутер и принтер... | 10.000 ден.<br>. |
| 12 | Регионален центар за одржлив развој - Гевгелија | -Програма за развој на граѓанскиот сектор,<br>-Програма за поттикнување на | 20.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | младинскиот активизам,<br>-Програма за развој на локалната демократија. | |
| 13 | ЗГ "Нектар"-Гевгелија | -Регионално унапредување и популаризација на пчеларството...... | 10.000 ден. |
| 14 | ЗГ „Македонска пчела“- Негорци | -Негорски пчеларски собир....<br>- Четири работилници за вовед на децата во пчеларството.... | 10.000 ден. |
| 15 | Спа и велнес асоцијацијација на Македонија | -Започни кариера професионален масер,<br>-Започни кариера професионален фитнес инструктор (ниво 3),<br>-Сертификација на Програмата за масер во германската асоцијација | 20.000 ден. |
| 16 | Општински противпожарен сојуз-Гевгелија | -Организирање на квиз натпревари,<br>Организирање на регионален квиз натпревар,<br>Изготвување на информативен пропаганден материјал.... | 10.000 ден. |
| 17 | ЗГ "ЧЕЈНЏМЕЈКЕРС"-Гевгелија | - Зелен град- ден за садење дрвја,<br>0 отпад – организација на селектирање и рециклирање отпад,<br>-Сакам да дишам – мапирање на индустриски загадувачи, | 40.000 ден. |
| 18 | ЗГ Кинолошко друштво „Кожуф“-Гевгелија | -Меѓународна изложба на сите раси кучиња,<br>-Тековна работа..... | 20.000 ден. |
| Вкупно: | | | 300.000 ден. |

**3.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа Програма општината ќе ги поддржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма ДО.

**4**. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-401/1
26.02.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 г.), а во врска со член 4 став (1) точка 5 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19 год.), и член 4 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на донација од Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), заедно со партнерите ЗЕЛС и ПАКОМАК**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Гевгелија во својство на примател на донацијата ја прифаќа донацијата од **10 контејнери за селективно одложување на стаклениот отпад**, донирани од Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), заедно со партнерите ЗЕЛС и ПАКОМАК, преку регионалниот проект "Управување со стаклена амбалажа на Западен Балкан".

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гевгелија да склучи Договор за донација со давателот на донацијата и да го реализира потпишувањето на истиот, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-402/1<br>26.02.2021 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 1, а во врска со членовите 78, 79, 80, 81 и 162 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## за измена и дополнување на Статутот на Општина Гевгелија

### Член 1

-Во Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20год. ), во членот 78 став (2) се бришат зборовите **5 членови,** и на нивно место се додаваат интерпункцискиот знак две точки **(:)** и следниве зборови**: три (3) члена од Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот и истите ги определува Градоначалникот, еден до двајца (1-2) претставници од секоја урбана и месна заедница за која се разгледува документацијата, едно (1) стручно лице вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план, и неограничен број на граѓански членови кои доброволно се пријавиле на јавен оглас објавен од Општина Гевгелија.**

- во членот 78 се брише ставот (3).
- се додава нов став (3) со следниот текст: **мандатот на Партиципативното тело од областа на урбанизмот трае се додека се донесе ДУП-от.**

### Член 2

Во членот 79 се брише ставот (1).

Во членот 79 се менува текстот на новиот став (1) и истиот гласи**: Партиципативното тело го сочинуваат членови од Комисијата за урбанизам, стручно лице вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план, претставници од секоја урбана и месна заедница, претставници на невладини организации од различни сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот и населените места.**

Во членот 79 се додава нов став (2) со следниот текст: **Учеството на лицата во Партиципативното тело вработени во Општина Гевгелија е по службена должност, а учеството на лицата во Партиципативното тело што не се вработени во Општина Гевгелија е на доброволна основа.**

### Член 3

Во членот 80, по зборот претседател се додаваат зборовите: **"и заменик-претседател".**

**Член 4**

Во членот 81 став (3) се брише точката на крајот на реченицата и на нејзино место **се додава запирка (,) со следниот текст: "а во отсуство на претседателот активностите на Партиципативното тело ги координира заменик-претседателот избран од членовите на Партиципативното тело, со јавно гласање".**

**Член 5**

Во членот 81 се вметнуваат ставовите 4, 5, и 6 со следниот текст:

**Партиципативното тело има секретар.**

**Секретарот се избира од членовите на Комисијата за урбанизам.**

**Секретарот ги подготвува и организира состаноците на Партиципативното тело, се грижи за унапредување на работата на телото, се грижи за уредно и ажурно доставување на актите и му помага на претседателот во спроведувањето на деловникот.**

**Ставовите (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (7), (8), (9) и (10).**

Во истиот член се вметнува став (11) со следниот текст**: "Организацијата и начинот на работата на Партиципативното тело поблиску се уредува со Деловник за работа на Партиципативното тело, кој го донесува Советот на Општина Гевгелија".**

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.02.2021 година.

бр.09-403/1<br>26.02.2021год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов, с.р.**

______________________________

Врз основа на член 38 став (1) точка 32 и член 89 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), а во врска со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17г.) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, по расправата за предложениот Извештај на Комисијата за вршење на годишен попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во Општина Гевгелија за 2020 година, донесе

# ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот од извршениот попис во општина Гевгелија, состојба на 31.12.2020 година**

**Член 1**

Со овој Заклучок се усвојува Извештајот од извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во општина Гевгелија, со состојба на 31.12.2020 година, изготвен и предложен од Пописната комисија на Општина Гевгелија.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-404/1<br>26.02.2021 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 14 став (1) од Уредбата за Методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот на управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од проценета ("Службен весник на РМ" бр.13/11г.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), а во врска со член 5 став (2) алинеа 2 од Законот за управување со кризи ("Службен весник на РМ" бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за ажурирање на проценета за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од ажурирање на Проценета за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности, изработена во 2014 година.

**Член 2**

Ажурирањето на Проценета за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности е обврска на Регионалниот центар за управување со кризи – Подрачно одделение од Гевгелија.

**Член 3**

Ажурирањето на Проценета за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности се врши во првиот квартал од тековната година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-405/1
26.02.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ" бр.143/2019 и 14/2020год.), член 84 од Законот за основно образование ("Сл. Весник на РСМ" бр.161/2019 и 229/2020 год.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 26.02.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За давање согласнсот на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ ″Владо Кантарџиев″-Гевгелија за 2021 година**

**Член 1**

Со ова Решение се дава согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување за 2021 год. на ООУ “Владо Кантарџиев“-Гевгелија, под бр.01-41/1 од 21.01.2021 год.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-406/1<br>26.02.2021 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 116 став (1) алинеа 3 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14.........198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20 год.), и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на дополнувањето на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2021 година за сметка 903 (блок дотации)**

1.Се усвојува дополнувањето на Финансовиот план на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" –Гевгелија за 2021 година за сметка 903 (блок дотации), донесено и предложено од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-77/5 од 15.02.2021 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-407/1
26.02.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11………11/18 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2021 година, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија" од Гевгелија за 2020 година, усвоен и

предложен од Управниот одбор на јавната општинска установа со Одлука бр.02-9/3 од 15.02.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-408/1 Претседател
26.02.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 7 од Законот за култура (Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11……11/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија" од Гевгелија за 2021 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на јавната општинска установа со Одлука бр.02-9/4 од 15.02.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-409/1 Претседател
26.02.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11……11/18 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" од Гевгелија за 2020 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на оваа јавна установа со Одлука бр.02-11/1 од 11.02.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-410/1
26.02.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11…….11/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавната општинска установа Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" од Гевгелија за 2021 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.02-12/1 од 11.02.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-411/1
26.02.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.49/03-пречистен текст, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11……..11/18 год.), и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.02.2021 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1.**Се усвојува** Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа Работнички Универзитет "Кирил и Методија" од Гевгелија за 2020 година, усвоен и предложен од управниот одбор на оваа јавна општинска установа под бр.02-13/4 од 16.02.2021 година.

2.Ова решение влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија"

Бр.09-412/1 Претседател
26.02.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.49/03-пречистен текст, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11………11/18 год.), и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2021 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавната општинска установа Работнички Универзитет "Кирил и Методија" од Гевгелија за 2021 година, усвоена и предложена од управниот одбор на јавната општинска установа под бр.02-13/5 од 16.02.2021 година.

2.Ова решение влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија"

Бр.09-413/1 Претседател
26.02.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год. ), и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.), а во врска со член 13 став (3) од Законот за Библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2020 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.02-26/3 од 11.02.2021 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-414/1 Претседател
26.02.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.), а во врска со член 13 став (3) од Законот за Библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Програмата за работа на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2021 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на јавната општинска установа со Одлука бр.02-26/2 од 11.02.2021 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-415/1 Претседател
26.02.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 г.) и член 38 став (1) точка 35 и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, по расправата за Извештајот од Полициската станица од општа надлежност – Гевгелија за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за периодот од 01.07.2020-31.12.2020 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Извештајот од Одделението за внатрешни работи-Гевгелија, Полициската станица од општа надлежност –Гевгелија, за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за периодот од 01.07.2020 година-31.12.2020 година, под службен бр.22.26.6.1-387/2 од 09.02.2021 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до МВР - сектор за внатрешни работи-Струмица, до ОВР-Гевгелија Полициска станица од општа надлежност-Гевгелија, и до Народниот правобранител.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-416/1
26.02.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

# СОДРЖИНА:

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА


1.Програма за финансирање на програмите и проектите од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2021 година..........................68

2.Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2021 година...........................................................................75

3.Програма за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија за 2021 година.............80

4.Програма за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2021 година.............83

5.Одлука за прием на донација од Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), ЗЕЛС и "ПАКОМАК"-Скопје………………..86

6.Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Гевгелија...................................................................................................87

7.Заклучок за усвојување на Извештајот од извршениот попис во Општина Гевгелија, состојба на 31.12.2020 година..........................................89

8.Одлука за ажурирање на процената за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности...........................................90

9.Решение за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2021 година....................................................................................................91

10.Решение за усвојување на дополнувањето на финансовиот план – буџет на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2021 година за сметка 903 (блок-дотации).........................................................................................................92

11.Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија" – Гевгелија за 2020 година..........................................92

12.Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2021 година.............................................93

13.Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" – Гевгелија за 2020 година.........................................94

14.Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2021 година...........................................94

15.Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" – Гевгелија за 2020 година.........................95

16.Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2021 година............................95

17.Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" – Гевгелија за 2020 година.......................................................96

**18.Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2021 година.........................................................96**
**19.Заклучок за усвојување на Извештајот за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за 2020 година, за периодот од 01.07.2020г. – 31.12.2020 година...................................................97**

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи, ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**